Акционерско друштво за осигурување
ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп
Бр. 202/630-1
11.04.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 375 од Законот за трговски друштва, како и член 34 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје, член 163, став 1, точка 14 од Законот за супервизија на осигурување Управниот одбор на друштвото на својата единаесетта седница на Управниот одбор на ден 11.04.2019 година донесе:

# ОДЛУКА
## за усвојување на промени во условите и табелата за утврдување на траен инвалидитет како последица на несреќен случај

### Член 1

Управниот одбор на Акционерското друштво ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје донесе одлука за усвојување на промените во:

- Општите услови за осигурување на живот на родителот
- Дополнителните услови во случај на смрт како последица на несреќен случај
- Дополнителните услови за осигурување во случај на тешка болест кај дете
- Дополнителните услови за осигурување во случај на траен инвалидитет на дете како последица на несреќен случај
- Дополнителните услови за осигурување во случај на операции кон осигурување на живот
- Дополнителните услови за осигурување во случај на траен инвалидитет како последица од несреќен случај
- Општите услови за осигрување на живот на родителот
- Посебните услови за осигурување на зголемени (анормални) ризици за осигурување на живот
- Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фондови
- Условите за осигурување во случај на смрт (Без Ризик)
- Посебните услови за животно осигурување во случај на смрт за потрошувачки кредити во МКД во износи до 610.000 направени се следните измени
- Табелата за утврдување на процентот на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода)

### Член 2

***Во Општите услови за осигурување на живот на родителот се направени следните измени:***

IV. Понуда

Член 1

4. Сите податоци што се наведени во понудата мора да бидат точни и вистинити 4. Сите податоци што се наведени во понудата мора да бидат точни и вистинити, а особено внимание да се обрати на одговорот на здравствените прашања наведени во истата

VII. Склучување на Договорот

Член 4

4. Осигурителот е обврзан во рок од 8 дена по приемот на писмената понуда во оригинал, или најдоцна во рок од 30 дена доколку е потребен лекарски преглед, да го извести договарачот/осигуреникот дали ќе ја прифати или одбие доставената понуда. Доколку осигурителот не ја одбие понудата во тој рок, доколку истата не отстапува од неговите услови за предлог-осигурувањето, ќе се смета дека ја прифатил понудата и дека Договорот е склучен. Во тој случај ќе се смета дека Договорот е склучен кога осигурителот ќе ја добие понудата. **– *се додава* -** Осигуреникот или Договорувачот по добивање на полисата за животно осигурување и условите кои важат за неа, може во рок од 30 дена да поднесе барање за поништување на

полисата со конкретно образложение, по што осигурителот ќе изврши поврат на средствата на клиентот кои ги уплатил за активирање на истата.

XVI. Случаи во кои одговорноста на осигурителот е исклучена или ограничена

Член 19

5. Осигурителот не е обврзан да му ја исплати на корисникот осигурената сума туку собраната математичка резерва, доколку смртта на осигуреникот настапила

- како последица на граѓанска војна, немири, востанија, насилства, воени операции или настани слични на војна, револуции, побуни, киднапирање или тероризам;
- поради детонации на експлозивни средства, мини, торпеда, бомби или пиротехнички средства во рамки на околностите од првите две точки од овој став;
- при обид на осигуреникот или извршување на казнено дело, како и при бегство по таквата активност;
- поради земјотрес;
- поради поплави;
- како директна или индиректна последица од атомска катастрофа;
- како директна последица од пандемија, утврдена од страна на соодветни државни тела.

XIX. Учество во добивка

Член 26

3. ~~Уделите во добивката се пресметуваат и припишуваат на ден 31 декември секоја година, а договарачот за тоа се известува во тековната година за изминатата година, доколку се исполнети условите од став 2 на овој член и доколку осигурителот донел одлука во смисла на став 1 на овој член. 3.~~

3. Уделите во добивката се пресметуваат и припишуваат на ден 31 декември секоја година, а осигурителот е должен најмалку еднаш годишно да испрати известување за учество во добивка.

XXIX. Завршни одредби

Член 39

Се додава

3. Независно од другите одредби во овие услови, осигурителот нема да смета дека треба да покрие или да изврши какви било исплати или да пружи каква било услуга или поддршка на осигуреник или трето лице во онаа мера, во која тие опфаќаат исплата, услуга, поддршка и/или деловна или активност на осигуреникот што би прекршиле применливи санкции во врска со следново: трговија, финансиски ембарга, закони и регулативи, што се директно применливи за Осигурувачот. Применливи се следниве санкции: (i) локални санкции; (ii) Европска унија (ЕУ); (iii) Обединети Нации (ОН); Соединети Американски Држави (САД) и/или (iv) секакви други санкции применливи за осигурителот.

WINNER Life
VIENNA INSURANCE GROUP

***Во Дополнителните услови во случај на смрт како последица на несреќен случај се направени следните измени:***

Член 9

VIII. Исклучување на обврските на осигурителот

Осигурителот се ослободува од какви било обврски доколку несреќниот случај настанал:

Се брише

2) ~~поради војна, воени судири, непријателства, воени операции или случувања слични на војна;~~

3) ~~поради граѓански војна, револуција, буна, востание, како и граѓански немири што произлегуваат од таквите настани или терористички акти;~~

Се додава

• како последица на граѓанска војна, немири, востанија, насилства, воени операции или настани слични на војна, револуции, побуни, киднапирање или тероризам;

***Во Дополнителните услови за осигурување во случај на тешка болест кај дете се направени следните измени:***

VII. СЛУЧАИ ВО КОИ ОДГОВОРНОСТА НА ОСИГУРИТЕЛОТ Е ИСКЛУЧЕНА

Чл 1. Осигурителот нема обврска да го исплати договорениот износ тогаш кога осигурениот случај настанал како директна или индиректна последица на:

Се брише

• ~~Војна, непријателски активности, воени операции или активности кои се слични на војна,~~

• ~~Граѓанска војна, револуција, побуна, востание, како и граѓански немири кои се случуваат поради таквите настани или терористички акти,~~

Се додава

• Како последица на граѓанска војна, немири, востанија, насилства, воени операции или настани слични на војна, револуции, побуни, киднапирање или тероризам;

• Во случај на детонација на експлозиви, мини, торпеда, бомби или пиротехнички средства во околностите наведени во претходната точка од овој член;

***Во Дополнителните услови за осигурување во случај на траен инвалидитет на дете како последица на несреќен случај направени се следните измени:***

III. ПОИМ ЗА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

Се брише

Член 3

• ~~истегнување на мускулите, исчашување, шинување,~~ прелом на коски што настанува поради нагли телесни движења или ненадејни напрегања што се предизвикани од надворешни настани, доколку тоа го утврди соодветен лекар – специјалист по повредувањето;

VIII. ИСКЛУЧУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРИТЕЛОТ

Член 8

Се брише

- ~~поради војна, непријателства, воени операции или случувања слични на војна;~~
- ~~поради граѓанска војна, револуција, буна, востание, како и поради граѓански немири што произлегуваат од таквите настани или терористички акти;~~

Се додава

- како последица на граѓанска војна, немири, востанија, насилства, воени операции или настани слични на војна, револуции, побуни, киднапирање или тероризам;

***Во Дополнителните услови за осигурување во случај на операции кон осигурување на живот направени се следните измени:***

IV. Почеток и истек на осигурувањето

Член 3

6. Во случај на операција како последица на болест, обврската на осигурителот по овие Дополнителни услови почнува по изминати 180 дена од денот на почетокот на ова дополнително осигурување.

Се додава

Во случај на операција – царски рез при бременост, обврската на осигурителот по овие Дополнителни услови почнува по изминати 365 дена од денот на почетокот на осигурувањето доколку своеволно е избран царскиот рез и 180 дена доколку царскиот рез е индициран од некоја компликација.

VII. Исклучување и ограничување на обврските на осигурителот

Член 7

Се брише

~~18) Поради војна, непријателства, воени операции или случувања слични на војна;~~

~~19) Поради граѓанска војна, револуција, буна, востание, како и граѓански немири што произлегуваат од таквите настани или терористички акти;~~

Се додава

18) како последица на граѓанска војна, немири, востанија, насилства, воени операции или настани слични на војна, револуции, побуни, киднапирање или тероризам;

***Во Дополнителните услови за осигурување во случај на траен инвалидитет како последица од несреќен случај направени се следните измени:***

II. Поим за несреќен случај

Член 2

• ~~истегнување на мускулите, исчашување, ишинување~~, прелом на коски што настанува поради нагли телесни движења или ненадејни напрегања што се предизвикани од надворешни настани, доколку тоа го утврди соодветен лекар – специјалист по повредувањето.

VII. Исклучување на обврските на осигурителот

Член 8

1. Сите обврски на осигурителот се исклучуваат во целост доколку несреќниот случај настанал:

• ~~поради војна, непријателства, воени операции или случувања слични на војна;~~

• ~~поради граѓанска војна, револуција, буна, востание, како и поради граѓански немири што произлегуваат од таквите настани или терористички акти;~~

• како последица на граѓанска војна, немири, востанија, насилства, воени операции или настани слични на војна, револуции, побуни, киднапирање или тероризам;

***Во Општите услови за осигрување на живот:***

IV. Понуда

Член 1

4. Сите податоци што се наведени во понудата мора да бидат точни и вистинити .и посебно внимание да се обрати на одговорот на здравствените прашања наведени во неа.

VII. Склучување на Договорот

Член 4

4. Осигурителот е обврзан во рок од 8 дена по приемот на писмената понуда во оригинал, или најдоцна во рок од 30 дена доколку е потребен лекарски преглед, да го извести договарачот/осигуреникот дали ќе ја прифати или одбие доставената понуда. Доколку осигурителот не ја одбие понудата во тој рок, доколку истата не отстапува од неговите услови за предлог-осигурувањето, ќе се смета дека ја прифатил понудата и дека Договорот е склучен. Во тој случај ќе се смета дека Договорот е склучен кога осигурителот ќе ја добие понудата. – **се додава -** Осигуреникот или Договорувачот по добивање на полисата за животно осигурување и условите кои важат за неа, може во рок од 30 дена да поднесе барање за поништување на полисата со конкретно образложение, по што осигурителот ќе изврши поврат на средствата на клиентот кои ги уплатил за активирање на истата.

XVI. Случаи во кои одговорноста на осигурителот е исклучена или ограничена

Член 19

5. Осигурителот не е обврзан да му ја исплати на корисникот осигурената сума туку собраната математичка резерва, доколку смртта на осигуреникот настапила:

- како последица на граѓанска војна, немири, востанија, насилства, воени операции или настани слични на војна, револуции, побуни, киднапирање или тероризам;
- поради детонации на експлозивни средства, мини, торпеда, бомби или пиротехнички средства во рамки на околностите од првите две точки од овој став;
- при обид на осигуреникот или извршување на казнено дело, како и при бегство по таквата активност;
- поради земјотрес;
- поради поплави;
- како директна или индиректна последица од атомска катастрофа;
- како директна последица од пандемија, утврдена од страна на соодветни државни тела;

XIX. Учество во добивка

Член 26

~~3. Уделите во добивката се пресметуваат и припишуваат на ден 31 декември секоја година, а договарачот за тоа се известува во тековната година за изминатата година, доколку се исполнети условите од став 2 на овој член и доколку осигурителот донел одлука во смисла на став 1 на овој член. 3.~~

3. Уделите во добивката се пресметуваат и припишуваат на ден 31 декември секоја година, а осигурителот е должен најмалку еднаш годишно да испрати известување за учество во добивка.

XXIX. Завршни одредби

Член 39

Се додава

3. Независно од другите одредби во овие услови, осигурителот нема да смета дека треба да покрие или да изврши какви било исплати или да пружи каква било услуга или поддршка на осигуреник или трето лице во онаа мера, во која тие опфаќаат исплата, услуга, поддршка и/или деловна или активност на осигуреникот што би прекршиле применливи санкции во врска со следново: трговија, финансиски ембарга, закони и регулативи, што се директно применливи за Осигурувачот. Применливи се следниве санкции: (i) локални санкции; (ii) Европска унија (ЕУ); (iii) Обединети Нации (ОН); Соединети Американски Држави (САД) и/или (iv) секакви други санкции применливи за осигурителот".

***Во Посебните услови за осигурување на зголемени (анормални) ризици за осигурување на живот направени се следните измени:***

II. ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ

Член 8

1. Премијата за зголемен ризик се одредува со зголемување на основната премија, и тоа:

- За лица на возраст до 50 години:

a) Во прв степен (I) на анормален ризик за 3%.

b) Во втор степен (II) на анормален ризик за 5%.

c) Во трет степен (III) на анормален ризик за 7%.

- За лица на возраст над 50 години:

a) Во прв степен (I) на анормален ризик за 5%.

b) Во втор степен (II) на анормален ризик за 7%.

c) Во трет степен ( III) на анормален ризик за 10%.

2. Освен зголемување на премијата за осигурување, осигурувачот може да одреди како привремена мерка и:

a) Одложување на прифаќање на понудата до излекувањето;

b) Одложување на прифаќање на понудата на одредено време, но најмногу до една година;

c) Прифаќање на понудата со одложеност на осигурителното покритие.

3. Поради особено тешки зголемени ризици, осигуреникот на осигурувањето може да се оцени како апсолутно неспособен за осигурување на живот.

Се додава

12. Зависности (дрога, цигари и алкохолизам)

| | |
|---|---|
| • Дрога | 0 |
| • Алкохолизам хроничен | III-0 |
| • Алкохолизам болнички верифициран со делирантни појави | 0 |
| • Цигари над 10 дневно | I **- се додава -** |

***Во Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фондови направени се следните измени:***

VI. Понуда

Член 7

Се додава

4. Сите податоци што се наведени во понудата мора да бидат точни и вистинити, а особено внимание да се обрати на одговорот на здравствените прашања наведени во истата.

VIII. Склучување на Договорот

Член 9

5. Осигурителот е обврзан во рок од 8 дена по приемот на писмената понуда во оригинал, или најдоцна во рок од 30 дена доколку е потребен лекарски преглед, да го извести договарачот/осигуреникот дали ќе ја прифати или одбие доставената понуда. Ако осигурителот не ја одбие понудата во тој рок, а која не отстапува од неговите Услови за предлог осигурувањето, ќе се смета дека ја прифатил понудата и дека Договорот е склучен. Во тој случај ќе се смета дека Договорот е склучен кога осигурителот ќе ја добие понудата. – **се додава** – Осигуреникот или Договорувачот по добивање на полисата за животно осигурување и условите кои важат за неа, може во рок од 30 дена да поднесе барање за поништување на полисата со конкретно образложение, по што осигурителот ќе изврши поврат на средствата на клиентот кои ги уплатил за активирање на истата.

XVIII. Исклучок и ограничувања на обврските на осигурителот

Член 24

5. Осигурителот нема обврска да го исплати минималниот осигурен износ за случај на смрт, туку само вредноста на инвестициското портфолио во месецот откако штетата ќе биде прифатена од осигурителот, доколку:

Се брише и додава

д) како последица на граѓанска војна, немири, востанија, насилства, воени операции или настани слични на војна, револуции, побуни, киднапирање или тероризам; ~~смртта на осигуреникот настапила како последица на војна, граѓанска војна, револуција, востание, немири кои настануваат поради вакви настани~~

XXXI. Завршни одредби

Член 41

Се додава

2. Независно од другите одредби во овие услови, осигурителот нема да смета дека треба да покрие или да изврши какви било исплати или да пружи каква било услуга или поддршка на осигуреник или трето лице во онаа мера, во која тие опфаќаат исплата, услуга, поддршка и/или деловна или активност на осигуреникот што би прекршиле применливи санкции во врска со следново: трговија, финансиски ембарга, закони и регулативи, што се директно применливи за Осигурувачот. Применливи се следниве санкции: (i) локални санкции; (ii) Европска унија (ЕУ); (iii) Обединети Нации (ОН); Соединети Американски Држави (САД) и/или (iv) секакви други санкции применливи за осигурителот".

***Во Условите за осигурување во случај на смрт (Без Ризик) направени се следните измени:***

III. Понуда и полиса

Член 1

3. Сите податоци што се наведени во понудата мора да бидат точни и вистинити, **- се додава-** а особено внимание да се обрати на одговорот на здравствените прашања наведени во истата.

XIII. Случаи во кои одговорноста на Осигурувачот е исклучена или ограничена

Член 14

2. Осигурувачот не е обврзан да му ја исплати на банката/корисникот Осигурената сума, туку само собраната математичка резерва, ако смртта на осигуреникот настапила:

Се брише

• ~~како последица на војна, насилства, воени операции или настани слични на војна.~~

• ~~како последица на граѓанска војна, револуции, побуни, востанија и граѓански немири и побуни кои настануваат од таквите случувања или тероризам,~~

Се додава

• како последица на граѓанска војна, немири, востанија, насилства, воени операции или настани слични на војна, револуции, побуни, киднапирање или тероризам;

**Завршни одредби**

Член 25

Се додава

2. Независно од другите одредби во овие услови, осигурителот нема да смета дека треба да покрие или да изврши какви било исплати или да пружи каква било услуга или поддршка на осигуреник или трето лице во онаа мера, во која тие опфаќаат исплата, услуга, поддршка и/или деловна или активност на осигуреникот што би прекршиле применливи санкции во врска со следново: трговија, финансиски ембарга, закони и регулаиви, што се директно применливи за Осигурувачот. Применливи се следниве санкции: (i) локални санкции; (ii) Европска унија (ЕУ); (iii) Обединети Нации (ОН); Соединети Американски Држави (САД) и/или (iv) секакви други санкции применливи за осигурителот".

***Во посебните услови за животно осигурување во случај на смрт за потрошувачки кредити во МКД во износи до 610.000 направени се следните измени:***

Завршни одредби

Член 24

Се додава

2. Независно од другите одредби во овие услови, осигурителот нема да смета дека треба да покрие или да изврши какви било исплати или да пружи каква било услуга или поддршка на осигуреник или трето лице во онаа мера, во која тие опфаќаат исплата, услуга, поддршка и/или деловна или активност на осигуреникот што би прекршиле применливи санкции во врска со следново: трговија, финансиски ембарга, закони и регулаиви, што се директно применливи за Осигурувачот. Применливи се следниве санкции: (i) локални санкции; (ii) Европска унија (ЕУ); (iii) Обединети Нации (ОН); Соединети Американски Држави (САД) и/или (iv) секакви други санкции применливи за осигурителот.

Life
WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

***Во Табелата за утврдување на процентот на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода) направени се следните измени:***

**I.............................................. ЛИЦЕ**

***Промена во процентот***

1. Деформирачки оштетувања на кожата со лузни и функциски пречки и/или посттрауматски деформитети на коските на лицето:
   а) од лесен степен ................~~5~~.. 3%
   б) од среден степен.............................~~10~~.. 5%
   в) од тежок степен...........................~~15~~..10%
2. Ограничено отворање на устата (растојанието меѓу горните и долните заби):
   а) помалку од 4 см..........................~~10~~.....5%
   б) помалку од 2 см.........................~~25~~.... 10%
3. Трауматски оштетувања на коските на вилицата или јазикот ***(се брише)*** ~~непцата~~ со функциски пречки:
   в) од лесен степен...............................~~5~~..3%
   г) од среден степен..........................~~10~~....5%
   д) од тежок степен...........................~~15~~...10%

***Се додава***

40.Загуба на сталeн заб:
а)Во ниво на забно месо (гингивата) 0,5%
б)Во целост 1%

**ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ**

***Се додава***

• *Не постои осигурително покритие доколку:*
*-забот е третиран со оклузална пломба, екстрипација на пулпата, периапикални инфекции, инфламирана гингива*
*-загуба на стални заби при јадење*
*-прелом на дел или цела круна на забот или носачите на мостот*

**II.............................................. КОЖА**

56. Подлабоки лузни на телото по изгореници или повреди без функциски пречки кои зафаќаат:

***Се додава***

а) над 5% од површината на телото 1%
б) од 10 до 20% од површината на телото 5%
в) над 20% од површината на телото ..................................10%

**ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ**

• *За подлабоки лузни кои зафаќаат до* ***(се брише~~10%~~)*** *5% од површината на телото, а не предизвикуваат функциски пречки, не се утврдува инвалидитет.*
• ***(се додава)*** *При лузни од изгореници во случаите од точките 56 и 57 се пресметуваат со примена на „правилото на деветка" (шемата на крајот на Табелата).*

**РБЕТ**

82. Намалена подвижност на 'рбетот по рендгенолошки докажан скршеница на коскениот дел на вратниот сегмент:

***Се брише***

~~а) намалување до 1/3 од опсегот на движењето 5%~~
~~б) намалување до 2/3 од опсегот на движењето 10%~~

~~в) намалување над 2/3 од опсегот на движењето 15%~~
Се додава
а) во лесен степен (до ½ од функцијата на зглобот)...............................................5%
б) во силен степен (над ½ од функцијата на зглобот)..........................10%

83. Намалена подвижност на 'рбетот по рендгенолошки докажан скршеница на коскениот дел на градниот сегмент .................. ***(се брише)5%***

***Се додава***
а) во лесен степен(до ½ од функцијата на зглобот)...............................................3%
б)во силен степен (над ½ од функцијата на зглобот).......................... 6%

84. Намалена подвижност на 'рбетот по рендгенолошки докажана скршеница на коскениот дел на лумбалниот сегмент:

***Се брише***
~~а) намалување до 1/3 од опсегот на движењето 5%~~
~~б) намалување до 2/3 од опсегот на движењето 10%~~
~~в) намалување над 2/3 од опсегот на движењето 15%~~

***Се додава***
а) во лесен степен ( до ½ од функцијата на зглобот) ..........................5%
b) во силен степен ( над ½ од функцијата на зглобот)..........................10%

**ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ**

*• За процена на точките 82, 83, 84, 85 и 86, на осигурителот задолжително му се доставуваат рендгенски снимки на увид.*
*• Инвалидитетот како резултат на повредите од точките 82, 83, 84, 85 и 86 задолжително се мери 6 месеци по лекувањето и рехабилитацијата.*

***Се брише***
*• ~~Не се одредува инвалидитет за ретрофлексија на вратни пршлени над 6 см.~~*
*Се додава*
*Објаснување по точката 82:*
*Нормална функција:*
**антофлексија ( о-40 степени)*
**ретрофлексија ( 0-45 степени)*
**латерофлексија ( 0-40 степени)*
**ротација (0-60 степени)*
*За точката 83 се мери влијанието на вкупната подвижност на торакoлумбалниот рбет*
*Објаснување за точка 84:*
*Нормална функција:*
**антефлексија ( о-80 степени)*
**ретрофлексија ( 0-20 степени)*
**латерофлексија ( 0-20 степени)*

**III.................................................... РАЦЕ**

***Се додава***
108.Намалена подвижност на систалниот или проксималниот зглоб на:
а)палец или показалец ..........................2%
б)среден, домал или мал ....................1%

***Се менува***
112. Неправилно зарасната скршеница на клучната коска, рендгенолошки докажана ......5.....3%

**ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ**

***Се брише***
*• Не се одредува инвалидитет ~~за последици од фрактура на клучната коска.~~*

***Се брише***
121. Нестабилен лакотен ~~зглоб – слободно движење во спротивен правец~~
~~а) До 20 степени.......................10%~~

б) Над 20 степени ................15%

123. Намалена ротација на лакотот (про-супинација), по рендгенолошки докажана скршеница, споредена со здравата рака:

а) намалување до 1/3 од опсегот, 5%

б) намалување до 2/3 од опсегот, 10%

в) намалување над 2/3 од опсегот15%

**ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ**

***Се додава***

*Нормална функција на лакотниот зглоб(важи за точка 121)*

*-Екстензија (0 степени)*

*-Флексија(145 степени)-се додава*

**IV.............................................. НОЗЕ**

***Се додава***

147. Потполна вкочанетост на проксималниот зглоб на II-IV за секој прст .................0,5%

158. Деформирачка артроза на коленото по повреда на зглобни тела која предизвикува намалување на подвижноста, со РТГ доказ –

се додаде

споредено со здравото колено процент ......6%

***Се брише***

а) намалување до 1/3 од опсегот5%

б) намалување до 2/3 од опсегот10%

в) намалување над 2/3 од опсегот20%

160. Нестабилност на коленото по повреда на структурите и лигаментите, споредено со здравото колено по завршено лекување, по

***Се додава***

направена лигаментопластика............6%

***Се брише***

а) нестабилност до 5 мм ........ 5%

б) нестабилност од 5,1 до 10 мм10%

в) нестабилност повеќе од 10,1 мм 15%

***Се додава***

161. Хируршко отстранување на мениксус делумно или целосно .......3%

***Се брише***

а) делумно ........................... 3%

б) целосно........................... 5%

***Се брише***

167. Рендгенолошки докажани скршеници во подрачјето на скочен зглоб залечени со поместување или интраартикулирани скршеници кои не предизвикуваат намалување на подвижноста на зглобот 3%

168. Намалена подвижност на скочниот зглоб по рендгенолошки докажана скршеница и/или посттрауматска артроза по скршеница споредена со здрав зглоб:

***Се брише***

а) намалување до 1/3 од опсегот 5%

б) намалување до 2/3 од опсегот10%

в) намалување преку 2/3 од опсегот 20%

а)намалување до ½ од опсегот............5%

б)намалување над ½ од опсегот .......10%

169. Намалена подвижност на скочниот зглоб по повреда на лигаментарните стуктури и/или посттрауматска артроза по скршеница споредена со здрав зглоб (дисторзија од трет степен):

WINNER Life
VIENNA INSURANCE GROUP

***Се брише***

~~а) намалување до 1/3 од опсегот5%~~

~~б) намалување до 2/3 од опсегот10%~~

~~в) намалување над 2/3 од опсегот20%~~

а) намалување над ½ од опсегот .........5%

б)намалување над ½ од опсегот .......10%

**ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ**

***Се додава***

**При дисторзија од III степен задолжително е да се достави МРИ во спротивно не постои обврска за оценување и исплата на штета по основ на траен инвалидитет*

***Се брише***

~~*• Последиците од оштетувањата утврдени во точките 167 и 168 можат да се оценат само по една од тие точки.*~~

**Член 3**

Оваа одлука стапува на сила на ден 01.05.2019 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје согласно своите законски и статутарни овластувања, а со цел подобрување на работењето на Друштвото донесе одлука за усвојување на промените во, Општите услови за осигурување на живот на родителот, Дополнителните услови во случај на смрт како последица на несреќен случај, Дополнителните услови за осигурување во случај на тешка болест кај дете, Дополнителните услови за осигурување во случај на траен инвалидитет на дете како последица на несреќен случај, Дополнителните услови за осигурување во случај на операции кон осигурување на живот, Дополнителните услови за осигурување во случај на траен инвалидитет како последица од несреќен случај, Општите услови за осигрување на живот на родителот, Посебните услови за осигурување на зголемени (анормални) ризици за осигурување на живот, Условите за животно осигурување поврзано со инвестициски фондови, Условите за осигурување во случај на смрт (Без Ризик), посебните услови за животно осигурување во случај на смрт за потрошувачки кредити во МКД во износи до 610.000 направени се следните измени и Табелата за утврдување на процентот на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода).

За извршената промена ќе биде доставено известување до Агенцијата за супервизија на осигурување.

Пречистениот текст од условите и табелата за инвалидитет се составен дел на оваа одлука.

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР ЛАЈФ– Виена Иншуренс Груп Скопје**
**Претседател на Управен одбор**
**Дарко Дедиќ**

**Член на Управен одбор**
**Бернд Ацхатз**

**Член на Управен одбор**
**Мартин Теов**